# З А П И С Н И К

## од деветнаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата

## за електронски комуникации за 2026 година

Деветнаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 26.05.2026 година во 13:00 часот.

Присутни: Проф. д-р Орце Симов, Анѓелка Диневска, Насер Адеми, Анкица Трпковска и д-р Адмирим Алити.

За овој состанок беше предложен следниот дневен ред:

1. Усвојување на дневниот ред за деветнаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2026 година;
2. Усвојување на записникот од осумнаесеттиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации;
3. Носење одлука за престанок на мандат на директор на Агенција за електронски комуникации;
4. Барање на согласност за јавна набавка на услуга Испитување на јавно мислење за потребите на Агенцијата за електронски комуникации
5. Барање на согласност за јавна набавка на услуга Сервисирање и оддржување на пумпи и цевна инсталација за снабдување со вода за пиење и противпожарна хидранстска мрежа во МКЦ Зајчев Рид Скопје, за потребите на Агенцијата за електронски комуникации.
6. Разно

Претседателот на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите присутни членови на Комисијата се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за деветнаесеттиот состанок во 2026 година на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации .

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што го усвоија записникот од претходниот состанокот.

Во врска со точка 3 од дневниот ред , Комисијата едногласно донесе одлука за престанок на мандат на директорот Јетон Акику.

Во врска со точка 4, Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации го разгледа доставеното барање и едногласно даде согласност за јавна набавка на услуга Испитување на јавно мислење за потребите на Агенцијата за електронски комуникации .

Во врска со точка 5, Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации го разгледа доставеното барање и едногласно даде согласност за јавна набавка на услуга Сервисирање и оддржување на пумпи и цевна инсталација за снабдување со вода за пиење и противпожарна хидранстска мрежа во МКЦ Зајчев Рид Скопје, за потребите на Агенцијата за електронски комуникации

Седницата заврши во 15:00 часот.

Проф. д-р Орце Симов, претседател________

Анкица Трпковска, заменик претседател________

Анѓелка Диневска, член________________

Насер Адеми, член____________________

Д-р Адмирим Алити, член_______________

Наш број 1102-26/2

Скопје 26.05.2026 година